Проектот е финансиран од Европската Унија

Дали плановите за ЛЕР се стимулативни за опстанок или за иселување од општините Делчево, Пехчево, Берово и Македонска Каменица

# АНАЛИЗА/ИСТРАЖУВАЊЕ

## на плановите за ЛЕР на Делчево, Берово, Македонска Каменица и Пехчево

**Автор: Александар Николиќ Писарев**

**Соработник: Горан Лефков**

**Скопје, Ноември 2018**

# Содржина

**Вовед** ... 3
**Методологија на истражување** ... 6
**Причини** ... 7
**Слика од теренот** ... 10
**Последици** ... 24
**Оптимизам** ... 32
**Заклучоци** ... 34
**Препораки** ... 35
**Користена литература** ... 39

# ВОВЕД

Депопулацијата на малите градови во Република Македонија станува загрижувачки социо-економски проблем, кој во годините пред нас ќе доведе до континуиран пад на квалитетот на животот и ќе биде увертира за исчезнување на малите градови. Сите стратешки, програмски и плански документи што следуваа по изгласувањето на Законот за рамномерен регионален развој во 2007 година, како и имплементираните проекти за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој во изминативе речиси десет години покажаа многу недостатоци и проблеми во функционирањето на политиката, со многу доцнења и пробивања на законските рокови.

Една од најважните цели во Стратегијата за рамномерен регионален развој - запирање на негативните демографски движења, не е постигната. И не само што состојбата се влошува, туку негативните демографски движења се интензивираат, што особено е видливо во малите градови и населени места во Источна Македонија, кои секојдневно остануваат без луѓе бидејќи населението гледа сè помалку шанси за развој и просперитет на нивните градови, а процедурите за вадење странски пасоши стануваат сè поедноставни. Поради перманентниот процес на депопулација, голем е бројот на иселени.

Последната бројка што ја објави Светската банка е дека од земјава се иселиле 25 отсто од вкупното население или околу 500.000 луѓе. Но, оваа бројка не може да се земе како точна затоа што во земјава одамна нема спроведено попис. Светска банка за објавената бројка се повикува на податоците на Обединетите нации и на Виенскиот институт.

Според дефиниција, локалниот економски развој е комплексен процес во кој засегнатите страни работат заедно, со цел создавање поволни услови за економски растеж и креирање нови работни места. Со помош на овој процес тие треба да воспостават и да одржуваат динамична претприемачка култура, во насока на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Четирите општини во Источниот плански регион - Берово, Делчево, Пехчево и Македонска Каменица, кои беа под наша опсервација, имаат речиси четирипати помал пораст на населението во споредба со порастот на населението во земјата. Овие четири општини го опфаќаат најисточниот дел од Република Македонија. Според нашата проекција (и не само нашата), со таквите трендови оваа географска целина ќе остане потполно пуста и без какви било перспективи за понатамошен развој. Од Источна Македонија, според податокот што го објави телевизија Стар од Штип, 30.000 граѓани со бугарски пасоши постојано се надвор од границите на државата. Само во Делчево повеќе од 70 отсто од населението има бугарски пасоши.

Бројот на починати лица во овие четири општини од 2005 година до денес е поголем од бројот на живородените деца (негативен природен прираст). Ваквата тенденција, која е проследена со миграциските текови, доведува до директни последици врз

депопулацијата на регионите и промената во демографската структура. Најголеми и најсериозни причини за празнење на овие региони се нискиот животен стандард и неизвесната егзистенција на луѓето што живеат во тие подрачја. Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009 – 2019 година, истакнува две главни стратешки цели, и тоа: (1) конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој и (2) поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија меѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија. Раководејќи се од овој документ, овие четири општини донесоа свои планови за ЛЕР (локален економски развој) за периодите 2006 – 2014 и 2014 – 2018 година. Како приоритети во плановите за ЛЕР во периодот од 2006 – 2014 и 2014 – 2018/19 година, во овие четири општини се наведени следните приоритетни подрачја на дејствување:

- Создавање благопријатна социо-економска средина (стабилен економски развој, ниска невработеност, високи плати, можности за стекнување квалитетно образование и квалитетна здравствена заштита и развиена комунална инфраструктура).
- Усогласување на работата и семејството со домувањето, местото на работа, здравствените и образовните установи (градинки, училишта, факултети).
- Трговски центри, места за рекреација, отворање нови гранични премини, изградба на патишта и пруги кон земјите на ЕУ, гасификација.
- Изградба на технолошко-развојни индустриски зони, изградба на соларни централи, експлоатација на јаглен и глина.
- Отворање преработувачки капацитети во земјоделството и развој на текстилниот сектор.

Овие планови се креирани за да ја намалат депопулацијата и да обезбедат егзистенција на локалното население, но тоа очигледно не е постигнато, што значи дека некаде постои „краток спој“. Или стратегиите не се донесени врз основа на реалните процени и можности на општините, или се донесени волунтаристички како список на желби на политичарите во предизборијата, или, пак, локалните чинители не се доволно посветени на нивна имплементација. Наша цел во ова истражување беше да откриеме каде се грешките и да дејствуваме во насока на поширока вклученост на засегнатите страни и потранспарентно и проактивно имплементирање на плановите за ЛЕР.

Со анализа на ЛЕР за секој од овие градови (Делчево, Пехчево, Берово и Македонска Каменица) се обидовме да откриеме дали стратегиите за ЛЕР се рационални планови, кои можат да донесат благосостојба и да променат нешто, или се „список на желби“, дали овие стратегии се базирани на реални претпоставки, дали се земени предвид силните и слабите страни на овој регион, како и колку транспарентно се донесени тие планови, дали во нивното донесување биле вклучени граѓаните, бизнис-заедницата, невладините организации, експерти и колку тие се реални за остварување.

Истовремено истражувавме дали плановите за ЛЕР на овие четири општини коинцидирале со плановите на регионално и на централно ниво, како и дали биле компатибилни со општинските буџети и трансфери на средства од централната власт кон ЕЛС. Исто така истражувавме и кој и како учествувал во нивното креирање, дали се прашани граѓаните, заедниците, бизнис-заедницата, граѓанските организации и како тие го замислуваат развојот на овие општини и дали имаат идеи како да се спречи депопулацијата во нивните градови. Анализиравме и дали во овие општини се направени и други придружни документи важни за локалниот економски развој, какви што се акциски планови, стратегии, односно анализи за развојот на единиците на локалната самоуправа по европскиот модел и стандардите што ги воспоставила СИГМА. Важноста на ова истражување, меѓу другото, е и од причина што прашањето на депопулацијата и внатрешните и надворешните миграции се важен индикатор за виталноста на секое општество. Но, за жал, во Македонија процесите на депопулација, посебно во внатрешноста на земјата, стануваат вообичаени и нормални без размислување за последиците. Податокот на државниот Завод за статистика дека во 141 населено место според пописот од 2002 година нема ниту еден жител (ситуацијата денес е уште позагрижувачка) се смета како вообичаена работа и производ на транзицијата. Податоците од некои градови што се цел на проектот ја откриваат големина на проблемот. Во 1994 година според пописот, 21 од градовите во Македонија имале помеѓу 10.000 и 30.000 жители, а според пописот од 2002 година тој број е намален за повеќе од двојно и изнесува само 9 града. Состојбата денес е уште позагрижувачка. Градовите помеѓу 10.000 и 30.000 жители во сите меѓупописни периоди бележат силна депопулација и губење на населението. Најеклатантен пример на силна депопулација на малите градови од овој регион е градот Пехчево, кој според пописот на населението од 2002 година имал 3.237 жители, а денес според истражувањата на локалните НВО нема ни 2.000, или Македонска Каменица која во 2002 година имала 5.147 жители, а денес, според истражувањата на невладините организации „Амброзија"од Пехчево и „КХАМ" од Делчево, има 2.000 жители помалку. Важно е да се напомене дека во меѓувреме во сите општини е променета локалната власт и новите градоначалници и советите на ЕЛС не сносат одговорност за она што во изминатите години е направено или не е направено во овие општини, но пред нив е обврската да ја оправдаат довербата на граѓаните од кои добиле мандат состојбата да почнат да ја менуваат на подобро. Важноста на сите планови за ЛЕР истекува до крајот на 2018 година. Нашата анализа, препораките и заклучоците можат да им послужат како водич да не ги повторуваат грешките од нивните претходници и да обезбедат поголема транспарентност во донесување и реализација на идните планови за ЛЕР на овие општини.

Во текот на целото истражување, единиците на локалната самоуправа од сите четири града, нивните одделенија за локален економски развој и регионалната канцеларија за развој на Источниот плански регион, покажаа висока кооперативност, свесност за проблемот и подготвеност да помогнат и да се вклучат во реализацијата на ова

истражување. Невладините организации од целиот регион, а посебно „Надеж“, „КХАМ“, „Тернипе“, „Амброзија“, од Берово, Делчево, Пехчево и од Македонска Каменица, покажаа дека активно работат на оваа проблематика и се вклучија во сите наши активности. Нивните сознанија и резултати од поединечни проекти што имаат допирна точка со оваа тема, ни беа од огромна корист да ги прошириме нашите сознанија. Тие беа вклучени и активни во фокус-групите што ги организиравме во овој регион и со своите дискусии и презентирани податоци од нивните истражувања придонесоа за референтност на ова истражување, за што и во оваа пригода им изразуваме благодарност. Медиумите широко ги покриваа активностите во рамките на проектот и покажаа високо ниво на професионалност и зрелост како да се покријат темите од широк јавен интерес.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Деск истражување** - анализа на плановите за ЛЕР во сите четири посочени општини во изминатите четири години, со оценка на одредени сегменти од плановите дали се реално остварливи или неостварливи и дали се во функција на развојот на општините и подобрување на квалитетот на животот на локалното население. **Теренско истражување** - Интервјуа со претставници на ЕЛС (раководители на одделенија на ЛЕР, советници) во сите четири општини за да се добие слика како се донесени плановите за ЛЕР (кој учествувал во нивното креирање, имало ли стручно менторство, дали некој направил ревизија, дали секоја година се расправало за реализацијата во претходната година, каде ги лоцираат проблемите за нереализираното, како тие гледаат на проблемот на депопулација на нивните градови). Остварени се и средби со претставници на локалните граѓански здруженија со медиуми и со бизнис-заедницата. **Фокус-групи** со претставници на ЕЛС, локални медиуми, НВО, претставници на месни и на урбани заедници, бизнис-заедницата. На овие фокус-групи се собрани мислењата на непосредните корисници на услугите на ЕЛС. Ги слушнавме сугестиите за подобрување на состојбата, зголемување на транспарентноста при носење одлуки и одредување на приоритетите. Добиени се изворни податоци за состојбата за иселување и причините за иселување. Слушнати се сугестии за подобрување на состојбата, зголемување на транспарентноста при носење одлуки и одредување приоритети. Беа соочени претставниците на локалната администрација, од една страна, и корисниците на услугите, од друга страна, чии пари се трошат за реализација на проектите и имаат право на увид на кој начин се одредуваат тие приоритети. **Подготовка на детална анализа** - Како резултат од истражувањето и од претходните активности, произлезена е анализа на плановите за ЛЕР, опис на моменталната состојба со иселувањето во овие четири општини. Објаснети се причините и последиците на одредени политики, дадени се препораки и заклучоци.

**Јавна промоција** на резултатите и на анализата преку локалните медиуми, кои врз основа на нашите резултати изработиле истражувачки приказни, со кои ќе се подигне јавната свест за овој проблем.

## ПРИЧИНИ

Пред да ги нотираме последиците, во ова поглавје ќе се обидеме да ги лоцираме само некои од причините што придонесуваат за сѐ поизразена депопулација, пред сѐ на младо работоспособно население во земјите на ЕУ и во метрополата, на овие четири општини, како на пример: потрагата по бугарски пасоши и силна миграција, нивото на свесност за потреба од граѓански активизам и граѓанско дејствување и јавно застапување како еден од механизмите за корекција на погрешните политики во локалната самоуправа.

**Гломазна администрација**

Пред да преминеме на анализа на плановите за ЛЕР на посочените четири општини, користејќи ја можноста за слободен пристап до информациите од јавен карактер и резултатите на истражувањето на граѓанската организација Центар за граѓански комуникации, дојдовме до интересни податоци за бројот на административни работници и другиот персонал што е на товар на општинските буџети во овие четири општини, а кои граѓаните ги плаќаат секој месец. „Според стандардите на Светска банка, во општинската администрација треба да бидат вработени по еден службеник на 1.000 жители и по еден вработен во јавните претпријатија на 1.000 жители“ вели Стојче Самарџиски, економски експерт и ревизор на плановите за ЛЕР во Источен плански регион. Со оглед на тоа дека попис на населението не е извршен од 2002 година, податоците за бројот на населението се преземени од Државниот завод за статистика и се однесуваат на 2002 година. Бројот на иселени лица од овие општини е преземен од спорадичните истражувања, кои на оваа тема ги правеле локалните граѓански организации, Катедрата за демографија на Економскиот факултет во Скопје и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

| Колку преврaботеноста на јавната администрација во ЕЛС ги чини граѓаните | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ОПШТИНА | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕВРАБОТЕНОСТА (просечна плата 35.983) | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕВРАБОТЕНОСТА (просечна плата 35.983) | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕВРАБОТЕНОСТА (просечна плата 35.983) | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕВРАБОТЕНОСТА (просечна плата 35.983) |
| | месечно | месечно евра | годишно МКД | годишно евра |
| Берово | 1.295.388 | 21.063 | 15.544.656 | 252.759 |
| Пехчево | 935.558 | 15.212 | 11.226.696 | 182.548 |
| Делчево | 1.439.320 | 23.404 | 17.271.840 | 280.843 |
| Македонска Каменица | 1.223.422 | 19.893 | 14.681.064 | 238.716 |


| Колку преврaботеноста на јавната администрација во ЕЛС ги чини граѓаните | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ОПШТИНА | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕВРАБОТЕНОСТА (просечна плата 35.983) | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕВРАБОТЕНОСТА (просечна плата 35.983) | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕВРАБОТЕНОСТА (просечна плата 35.983) | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕВРАБОТЕНОСТА (просечна плата 35.983) |
| | месечно | месечно евра | годишно МКД | годишно евра |
| Берово | 1.295.388 | 21.063 | 15.544.656 | 252.759 |
| Пехчево | 935.558 | 15.212 | 11.226.696 | 182.548 |
| Делчево | 1.439.320 | 23.404 | 17.271.840 | 280.843 |
| Македонска Каменица | 1.223.422 | 19.893 | 14.681.064 | 238.716 |


| Колку преврaботеноста на јавната администрација во ЕЛС чини по глава на жител | | |
|---|---|---|
| ОПШТИНА | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ | ТРОШОК ШТО ГО ПЛАЌААТ ГРАЃАНИТЕ ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ |
| | годишно МКД | годишно евра |
| Берово | 1183 | 19 |
| Пехчево | 2223 | 36 |

| | | |
|---|---|---|
| Делчево | 1041 | 17 |
| Македонска Каменица | 1904 | 31 |

**Општина Берово** според податоците од 2015 година во општинската администрација, без јавни претпријатија има 49 вработени, односно 1 вработен на 268 жители. Според стандардите што ги пропишала Светска банка, Берово според бројот на жители (13.137) во општинската администрација би требало да има 13 вработени, односно има вишок од 36 вработени. Кога нивните просечни месечни плати од 35.983 денари (според податоците на Државниот завод за статистика за мај 2018) ќе ги помножите со 36 општински службеници кои се вишок, излегува дека превработеноста на општинската администрација во оваа општина ги чини граѓаните на Берово месечно 1,3 милиони денари односно 21.063 евра, или годишно граѓаните на Берово вишокот администрација ја плаќаат 252.121 евро. Тоа значи дека секој жител на Берово годишно за општинската администрација треба да издвои 1.183 денари*.*

**Во Општина Пехчево** состојбата е уште полоша во делот на превработеноста во општинската администрација. Таму, во 2015 година, плата од општинската каса добивале 31 вработен, односно еден вработен во општината опслужувал само 162 жители. Според стандардите на Светска банка и според бројот на жителите на оваа општина (5.051), во општинската администрација би требало да работат 5 службеника. Оваа општина има 26 службеници повеќе на 1.000 жители, односно речиси петпати поголема администрација од стандардите на Светска банка. Ваква прегломазна општинска администрација ги чинела граѓаните на Пехчево месечно 935.588 денари или 15.212 евра, односно годишно 11.226.696 денари или 182.548 евра. Односно, секој жител на општината треба за сметка на прекубројната администрација да плати 2.223 денари или 36 евра годишно.

**Во Општина Делчево** со 16.594 жители, во општинската администрација се вработени 57 лица. Според спомнатите стандарди на Светска банка, нивниот број според бројот на жители би требало да биде 17. Превработеноста е 40 вработени службеници, а тоа граѓаните на оваа општина ги чини 1,4 милиони денари или 23.404 евра месечно. Или годишно 17 милиони денари, односно 280.843 евра.

**Општина Македонска Каменица** има само 7.709 жители и општинска администрација од 42 вработени, речиси исто како Берово, а со речиси двојно помалку жители. Оваа општина според стандардите на Светска банка треба да вработува 8 службеници во општинската администрација, а превработеноста е за 34 вработени. Според просечната плата во државната администрација од 35.938 денари, граѓаните на Македонска Каменица оваа превработеност месечно ги чини 1,2 милиони денари или 19.893 евра. Тоа е годишно 14 милиони денари или 238.716 евра. Односно, секој жител на оваа општина за превработеноста во ЕЛС мора да плати од својот џеб речиси 31 евро годишно.

## СЛИКА ОД ТЕРЕНОТ

Програмите за локален економски развој на општините Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево не ги содржат основните елементи што треба да влијаат врз развојот на овие општини и да ја спречат сè поизразената депопулација на овие градови. Во документите за ЛЕР доминираат претежно препишани материјали од развојните планови на национална основа и тие не соодветствуваат со концептот за современ развој на малите градови и општини. Плановите за ЛЕР на овие општини се главно стари и не ги исполнуваат стандардите според кои се изготвуваат развојните документи за единиците на локалната самоуправа. Според принципите на СИГМА за добро управување со локалните самоуправи, општините треба да поседуваат приближно 19 плански документи за развој на општината, меѓу кои и планот за ЛЕР. Тоа подразбира дека секоја општина покрај планот за ЛЕР треба да има и сопствена стратегија за урбанистички развој, стратегија за социјална заштита на населението, стратегија за младите, стратегија за културен развој на општината, стратегија за развој на спортот, а во планот за ЛЕР треба да се опфатени економскиот развој на општината, планираните инвестиции, развој на инфраструктурата, користење ресурси, енергетика, акциски план, временска рамка итн. Општина Македонска Каменица има план за ЛЕР што е донесен во 2008 година, не е ревидиран и не е освежен, а и другите општини што се под опсервација на ова истражување, немаат прецизно изработени и други придружни документи, кои се важни за добар концепт на локалниот економски развој. Само Општина Берово направила додатни стратешки документи, чија содржина е коментирана во понатамошниот текст. Евидентно е и дека не постои најдобра и доволно синхронизирана меѓуопштинска соработка и координација за изработка на добра планска документација за интегралниот развој на Источниот плански регион на кој припаѓаат овие четири општини, иако градоначалниците на овие четири општини се членови на Советот за развој на Источниот плански регион. Емил Василев од Центарот за развој на Источниот плански регион вели дека сите градоначалници од овој плански регион се членови на Советот и дека најмалку четирипати годишно се состануваат во Центарот за развој на Источниот плански регион, но нивните активности и ангажманот во решавање на проблемите во ЕЛС, зависат и од нивната инвентивност и од финансиските средства. Она што е позитивен тренд во овој регион е фактот дека, иако бизнис-заедницата во овие општини не е развиена до ниво што би можело да се смета дека обезбедува просперитет, сепак се заинтересирани да ја чујат секоја сугестија, да дознаат за новите можности и стимулативни мерки што ги нуди државата. „Во последните месеци, со најавите на Владата за стимулативните мерки во бизнис-заедницата и покрај редовните состаноци на три месеци што ги организираме со градоначалниците, сè почесто има самоиницијативност од страна на бизнис-заедницата, што во овие региони што се зафатени со силна депопулација дава некаков оптимизам дека работите ќе се придвижат на подобро“, вели Василев. Во меѓуопштинската соработка не е посветено доволно внимание на решавање на

регионалните проблеми меѓу овие четири соседски општини, посебно во инфраструктурата и интегралното управување со отпадот, енергетиката, снабдувањето со вода, инвестиции во капитални објекти, па се добива впечаток дека секој е затворен во својот атар и не покажува иницијативи за заедничко дејствување со соседот. Декларативно сите се за решавање на регионалните проблеми, но операционализацијата се препишува од еден во друг четиригодишен план. Општините се главно посветени на редење бекатон на тротоарите и решавање на уличната инфраструктура, замена на прозорците во училиштата, улично осветлување и училишни кујни. Евидентно е и отсуството на координираните активности помеѓу нив за капитални инвестиции, користење на европските фондови и заедничко вложување во гасификација, иако гасот им поминува на само 60 километри.

**Македонска Каменица.** Прва дестинација во теренското истражување ни беше Македонска Каменица. Само што пристигнавме, во центарот на градот нè дочека група старци со зборовите: „Задоцнивте половина час, само што заминаа три автобуси со млади момчиња за Италија, секако со бугарски пасоши. Ова е веќе ни самите не знаеме кој контингент по ред на млади што си заминуваат од градот, главно во Италија, ама ги има и во Германија и Холандија, секаде каде што има работа“. Перспективата за „опстанок“ во овој град можеби најдобро ја илустрира само еден податок од планот за ЛЕР, кој е веќе застарен, но во описот на состојбата во овој град кажува сè: *„Во моментот во Македонска Каменица не е можно да се извршат детални лекарски прегледи и не постојат специјалистички ординации, а ниту пак кадри. Исто така, градот нема Прва медицинска помош, нема ниту возило за Прва медицинска помош. Претпоставката е дека некои болести се зачестени, но нема прецизни информации за кои болести станува збор, бидејќи резултатите ги обработува Заводот за здравствена заштита во Кочани, но не праќа повратни сознанија до општината. Голем дел од населението нема здравствено осигурување, бидејќи не е пријавено во редовен работен однос.“* Во документот за ЛЕР навистина паѓа во очи дека градот нема амбулантно возило, но исто така е забележлива констатацијата дека во 2007 година, на пример, рудникот „Саса“ како „приоритет на градот“ ја спонзорирал изградбата на црквата во Македонска Каменица. Изработката на Стратегијата за локален економски развој на Општина Македонска Каменица е реализирана во рамките на проектот Изработка на стратегиски документи за потребите на Општина Македонска Каменица – Стратегија за локален економски развој и Локален еколошки акционен план. За реализација на овие документи бил одговорен Регионалниот центар за застапување од Делчево, преку воспоставување договорни обврски со Општина Македонска Каменица и со Фондацијата Институт отворено општество - Македонија. Цели на проектот биле: „утврдување на потенцијалите, можностите и условите што треба да го детерминираат економскиот и социјалниот развој, со акцент на излезни решенија за надминување на невработеноста, изградба на економски капацитети и градење капацитети како

човечки ресурси за надминување на актуелните проблеми во Општина Македонска Каменица“.

Во општинскиот тим за ЛЕР добивме многу краток одговор што претставува ЛЕР за овој град. Тоа е рудникот „Саса“. Резервите говорат дека ќе може да работи уште петнаесетина години, а потоа клуч на врата и на рудникот и на градот. Ова е најголем стопански капацитет на територијата на општината што експлоатира олово-цинкова руда, кој бил привремено затворен, а е рестартиран во 2006 година и сега вработува околу 600 работници во редовен работен однос и околу 100 работници по договор на дело.

Со оглед на фактот дека рудникот „Саса“ е доминантниот стопански капацитет во Македонска Каменица, неспорно е дека неговиот развоен план мора да биде составен дел од оваа стратегија. Тој има 10-годишен развоен план, кој истекува до крајот на годината (до 2018 година) и треба да се направи нов, кој ќе ги предвиди и рудните резерви. Во 2007 година рудникот преработил 700.000 тони олово-цинкова руда, во 2008 година околу 850.000 тони и оттогаш до 2011 година ја намалувал експлоатацијата на руда. Комбинатот „Саса“ има 5-годишен план за истражување на рудните наоѓалишта, за што планира да потроши 5 милиони евра. Од резултатите зависи дали рудните резерви ќе бидат доволни за наредните за 10-15 години; резултатите од ова геолошко истражување ќе имаат исклучителна важност за развојот на Македонска Каменица. Во планот за ЛЕР на оваа општина е нагласено дека менаџментот на рудникот се обидува да биде општествено одговорна компанија што спонзорира разни јавни манифестации во Македонска Каменица: обуки, семинари, детски фудбалски клуб. Меѓутоа, и покрај обидите на рудникот „Саса“ да воспостави добри односи со јавноста, сè уште преовладува перцепцијата дека рудникот е најголем загадувач на животната средина и дека рударите од овој град работат под тешки услови и не се доволно заштитени. Во општината велат дека вицепремиерот за економски прашања Кочо Анѓушев при неодамнешната посета на Македонска Каменица и на рудникот „Саса“, со првите луѓе на рудникот разговарал за состојбата во овој сектор и исполнувањето на европските норми и стандарди во секојдневното работење, заштитата на животната средина и подобрување на статусот на рударите. Во општината велат дека рударството е традиционално занимање во овој регион и дека овој „занает“ со децении се пренесувал од постарите на помладите, но дека поради лошите услови и ниските плати, младите не сакаат да работат во рудникот. Меѓутоа, тие гледаат дека перспективата во рударството може да стане привлечна и за младите. Во тек е подготовка на активности околу подобрување на состојбата на работниците во рударството за кои размислува Владата, па во склад со тоа е информирано раководството на „Саса“ што планира во таа насока. Тие се подготвени за соработка, спремни се да го подобрат животот и стандардот на рударските работници. Бидејќи опстанокот на Македонска Каменица зависи од опстанокот на рудникот, раководството искажа подготвеност и за континуирани истражувања на рудните наоѓалишта во околината, со цел продолжување на животниот век на

рудникот. По ваквите најави, со оглед на традицијата за рударство, можеби треба да се очекува некаква кампања меѓу младите за рударското занимање. Слично како и за другите општини што ги истражувавме, планот за ЛЕР на Општина Македонска Каменица **е донесен во 2008 година, не е ревидиран и не е освежен,** содржи повеќе статистички податоци за бројот на населението, земјоделските површини, речните токови, природните убавини, релјефот, хидрологијата, климата и опис на природните убавини како можности за развој на туризам, отколку конкретна акција со временска рамка кога и како да се реализира. Не се концентрира на развојниот елемент и на обезбедувањето услови за економскиот напредок на општината. Основниот документ на кој се потпира стратегијата за локален економски развој на Македонска Каменица е Националниот развоен план на Република Македонија 2007 – 2009 година. Според овој документ, за Источниот регион на Република Македонија се вели дека Македонска Каменица е во ***„ драматична економска и социјална состојба, главно поради екстремниот број социјално ранливи и невработени лица, што е главната причина за честите штрајкови и блокади, зголеменото незадоволство на локалното население, што резултира со миграција во странство, особено на младите“.***

Во планот било предвидено и да се направи обид за мапирање на профилот на миграцијата од општината, заради привлекување на иселениците да се вратат во општината. Планот предвидувал за таа цел општината да изготви прашалник, со кој ќе може да соберат податоци за тоа колку луѓе работат во странство, во кои земји, на какви работни места, па дури и да дознае дали тие би биле подготвени да се вратат назад доколку би можеле да земат кредит и да работат во Македонска Каменица. Оваа иницијатива сè уште е во обид. Петар Атанасов, кој работел во истражувачкиот тим во рамките на проектот „Корелација помеѓу младинските приоритети и официјалните политики“, кој го спроведувал Институтот за социјална демократија „Прогрес“ и Институтот за социјална анализа, вели дека младите луѓе во последните 25 години се маргинализирани во општеството, а овој тренд е посебно изразен во последната деценија. Тој наведува две основни причини за миграција на младите: прво, младите не се приоритет во државната политика, и второ, самите млади не покажуваат иницијатива да се борат за подобрување на сопствениот статус во земјата туку го бараат решението во иселување. Како една од мерките за спречување на депопулација од регионот и од земјата, тој препорачува донесување закон за млади. Собранието на Република Македонија нема комисија за млади, младите немаат свое место во процесите на одлучување, а од друга страна во државата имаме екстремна политизација на младите и тие што решаваат да останат во земјата, очекуваат политичките партии да ги решат нивните проблеми. Во делот што најмногу влијае врз квалитетот на животот на локалното население и продуцира миграција од Македонска Каменица, планот за ЛЕР јасно констатира дека инфраструктурните проблеми на општината Македонска Каменица се големи, но нивното решавање е многу тешко и тоа од две причини – прво, поради ограничените финансиски средства, и второ,

поради разбиениот карактер на населените места што претставува дополнителен проблем. Улиците во новите маала се или недоизградени поради лошата наплата на комуналните давачки или воопшто не се изградени. Уличното осветлување исто така не одговара на потребите и е неопходно да се изврши замена со соодветни светилки. Планирањето на инвестициите е отежнато поради бесправната градба.
И покрај неколкуте хаварии во рудникот „Саса", кои ја девастираа природната околина и нанесоа голема еколошка штета, во планот за ЛЕР на Македонска Каменица како компаративна предност се наведува чистата животна средина на општината, која нуди можности за производство на здрава еколошка храна (компир, морков, грав), шумите изобилуваат со планински плодови и билки, а пасиштата укажуваат на можност за развој на сточарството. Меѓутоа во планскиот период што веќе истече, а новиот не е донесен, не е изграден ниеден капацитет што би обезбедил интензивно производство на храна или нејзината преработка. Во Националниот план за земјоделство и рурален развој на Република Македонија за периодот 2007 – 2013, чии делови се цитирани во општинскиот документ, Македонска Каменица, заедно со Струмица и Свети Николе, се споменуваат по ***„локалната традиција на одгледување вид на примитивна свиња која е неиспитана и поради тоа ќе се одвиваат теренски и лабораториски истражувања за јасно одредување на нејзиниот статус. Доколку наодите од испитувањето се добри, ова би можело да биде една од гранките каде што Македонска Каменица би имала компаративна предност за развој".*** (Нема податоци до каде е со реализацијата на оваа идеја.) Проблемите во земјоделството се исти како и оние идентификувани на ниво на целата држава, односно најзастапено е екстензивното земјоделство, а природните ресурси се користат без финална преработка. Парцелите се мали и има делумно развиено овоштарство за сопствени потреби на населението. Во општината отсуствуваат капацитети за наводнување, поорганизиран пласман на производите и инвестиции во земјоделството. Нема идеи како младите би можело да се ангажираат во овој сектор. Главните акценти во планот за ЛЕР на оваа општина се што треба да се направи и што би било пожелно да се направи, па е наброено (без временска рамка за остварување): ***Пожелно е да се направи и испитување на почвата*** за да се знае точно дали Македонска Каменица има потенцијал за развивање здрава храна и еколошко земјоделство. ***Пожелно е да се направи брошура за привлекување инвестиции*** во општината Македонска Каменица, која би служела како алатка за враќање на иселеното население. ***Пожелно е да се направи Подготовка за учество во Програмата на заедницата наречена ПРОГРЕС***, која опфаќа повеќе потпрограми. И така натаму, списокот на желби нема крај. Авторот евидентно препишувал одделни сегменти од разни национални документи, сметајќи дека со тоа ќе му даде тежина на документот и констатирал: ***„Руралниот туризам е индикатор за добар регионален развој на една земја, а Република Македонија има потенцијал за ваквиот вид туризам поради својата посебна традиционална архитектура, поволната животна средина, разновидните локалитети, убавата природа и поради гостопримливоста на луѓето"***.

Планот повеќе личи на промотивен партиски памфлет отколку на стратегија и план за развој на една општина. Со една реченица се спомнува хаваријата на јаловината на рудникот „Саса“, кога токсични метали ја загадија Каменичка Река, но никаде не се спомнува процесот и планот за деконтаминација на овие тешки метали и дали тоа воопшто ќе се направи. Интересен е и овој акцент (на страница 11) под наслов „Истражување на пазарот“: ***„Истражување на пазарот заради идентификување на можните алтернативни и иновативни приоди во социјалниот развој на општината“***.

Понатаму се препишани статистички податоци од националните документи за населението, како и вработеноста, без визија со каква структура и образовно ниво во наредните десет години ќе располага оваа општина за да се добие слика со кои човечки ресурси располага или ќе располага општината доколку се појават потенцијални инвеститори во нови капацитети. Нема никаква визија за решавање на проблемите на младите, иако процесот на нивното иселување е сè поинтензивен. Констатација дека ***„во 2008 година граѓаните треба да ја користат ИПАРД-програмата и ИПА-програмите за дообука на кадрите во општината“***, сама по себе ништо не кажува, како и една од точките во стратешкиот план за развој на општината, која нотира дека ***„треба да се потпише договор со Македонија пат за сервисирање на долгот и да се потпише договор за збратимување со Општина Велење во Словенија и со други европски градови“***.

Во Планот не се зацртани целите и насоките што треба да ги има општината за да би можеле да пружат подобри услови, подобар развој и подобра визија кај младите за да останат во општината, бидејќи според податоците на Агенцијата за вработување, во 2006 година во општината Македонска Каменица имало 1.423 невработени, додека во 2017 само 376 лица, од кои еден дел се можеби вработени во рудникот „Саса“, меѓутоа и овој податок укажува на претпоставка дека и тие се иселиле од оваа општина. Планот за ЛЕР не содржи SWOT-анализа на компаративните предности на општината, какви што се рударството, сточарството, риболовот и шумарството. Има и многу нелогични работи во стратегијата, на пример пишува: ***„каква е состојбата со системите за наводнување во Македонија***, а во општината Македонска Каменица речиси и да нема еден хектар земја што е погодна за наводнување, бидејќи целата општина е на висока надморска височина и теренот е планински. (Системите за наводнување колку што е познато се користат во рамничарски предели.) Со еден збор, овој план за ЛЕР покрај тоа што е застарен, не е во функција на развојот на општината и дестимулативно влијае врз младите. Општината е свесна за овие констатации, но како што вели раководителот на одделението за ЛЕР, станува збор за општина чија сметка е блокирана со години и трансферот на пари што доаѓа од централното ниво е главно за подмирување на редовните барања во образованието. Бизнис-заедницата е слабо развиена во Македонска Каменица и целиот развој зависи од опстанокот на рудникот.

**Берово.** Општина Берово има изработено стратегија за одржлив економски развој за периодот 2006 – 2011 година и за периодот 2014 – 2019. Таа е единствената од овие четири општини што беа под наша опсервација, која покрај планот за ЛЕР изработила и други придружни документи според стандардите на СИГМА: Визија и стратешки цели на Општина Берово, Акционен план со програми и проекти, документ за организирање на проектот, Оценка на локалната економија и изработка на профил на Општина Берово, Изработка на стратегијата за ЛЕР за Општина Берово, акциски планови за имплементација на стратегијата и стратешките цели и акцискиот план со проектните решенија за периодот 2014 – 2019. Планот за ЛЕР на оваа општина ги исполнува стандардите на СИГМА, но за неговата операционализација најдобро зборуваше Ѓорѓи Пеовски, раководител на канцеларијата за ЛЕР во Општина Берово, кој на фокус-групата организирана во овој град рече дека на граѓаните им е досадно само да слушаат декларативни заложби за развој на општината и бараат конкретни чекори. „Како да обезбедиме конкретни чекори кога не е спроведена функционална децентрализација. Речиси сите општините за кои денес расправаме дека се под силна депопулација и иселување, осум години имаат блокирана сметка, па тогаш за каков развој може да станува збор. Ние сме, всушност, обични благајници, кои само ги распоредуваат парите што доаѓаат од централниот буџет за плати во образованието, за плати и греење во градинките, домови на културата итн. Ние од сопствените приходи не можеме да собереме повеќе од 100-200 илјади евра, а локалните жители сакаат да им обезбедиме квалитетен живот. Сè додека не се смени Законот за локална самоуправа (што е ветување на новата влада) и додека барем 9 или 10 проценти од ДДВ не се вратат на општините и додека 100 проценти од персоналниот данок во една општина не се слее во нејзината каса, нашите планови за ЛЕР ќе бидат бајки. Ние од сопствените приходи можеме само да закрпиме понекоја дупка на асфалтот и ништо повеќе. За големи капитални инвестиции, кои ние ги редиме како список на желби во плановите за ЛЕР, потребни се пари. Ние не можеме ни да аплицираме за европските проекти бидејќи немаме пари да платиме ДДВ“, вели Пеовски. Додека работевме на овој проект, како централна вест за „подобрување на квалитетот“ на животот во овој град беше објавено дека општината како донација добила еден контејнер и неколку корпи за отпадоци од фирмата „Елколект“. Во планот за ЛЕР на оваа општина акцентот е премногу ставен на туризмот. Очигледно на авторите тоа им било најлесно. Општината има капацитет за развој на алтернативниот туризам, но освен некои индивидуални претприемачки капацитети какви што се ресортот „Аурора“ и хотелот „Манастир“, во општината речиси и да нема ништо направено за развој на овој тип туризам. Перспективата би можела да биде во развојот на планинарството со користење искуства и заеднички вложувања со соседна Бугарија, каде што овој вид туризам заедно со велосипедизмот и параглајдерството во планините станува светски тренд и привлекува голем број туристи. Но, освен спорадични иницијативи на локалните НВО и планинари ентузијасти од Берово, во

плановите за ЛЕР нема сериозни проекти во оваа дејност. Поглавјето за туризам е пишувано неинвентивно и повеќе наликува за флаер во кој се опишуваат природните убавини, реки и езера и богатството на шумите со лековити билки, зајаци, лисици, еребици и диви свињи, а недостасуваат конкретни иницијативи, бизнис-планови, можности за привлекување инвеститори, потенцијални инвеститори или кредитори. Најголем акцент во плановите е ставен на развојот на туризмот, за што Општина Берово има компаративни предности, меѓутоа градот сè уште се судира со основните инфраструктурни проблеми. Во самите документи е нотирано дека е недоволна покриеноста со канализациска мрежа. Во селските населби што не се поврзани, често доаѓа до затнување на одредени кракови од канализациската мрежа во Берово, кои се јавуваат како тесни грла, па затоа понекогаш доаѓа до хаварии и се бараат цистерни од други градови за прочистување. Проблем во градот е и сè уште нерешената, односно нефункционирањето на атмосферската канализација. Во непосредна близина на Беровското Езеро е изградена неурбанизирана, полудива викенд-населба, која нема изградено канализациска мрежа туку се користат сопствени јами, кои се во сливното подрачје на езерото и го загадуваат. Иако се декларира како чиста средина, еколошките проблеми се евидентни и нивното решавање мора да биде регионално, на ниво на сите четири или повеќе општини. Годишната количина на цврст отпад во градот изнесува 19.283 кубни метри, односно 2,86 кубни метри по жител. Остатокот од отпадот е градежен шут и отпад од бела техника за домаќинствата, кој, исто така, се депонира на постојната неуредена депонија, но и на дивите депонии, од страна на граѓаните кои имаат обврска тој вид отпад да го одложуваат на постојната депонија. Привремената депонија не ги задоволува минималните санитарни стандарди и прописи. Нема никаква инфраструктура (вода, електрична енергија), нема средства за дезинфекција, јама за пцовисани животни и др. Отпадот се трупа без никаков третман (само се нивелира и се затрупува со земја и песок). Ова влијае врз квалитетот на животот во општината, а ваквата слика ги одвраќа потенцијалните инвеститори што во оваа општина би инвестирале во туризмот. Ова е и една од причините што за речиси две децении се изградени само два туристички капацитети, ресортот „Аурора“ и хотелско-мотелскиот комплекс „Манастир“. Идејата за бизнис-инкубатор во оваа општина е реализирана во рамките на прекугранична соработка со соседната општина Струмјани од Бугарија и со помош на фондовите на ЕУ, но ефектите се скромни бидејќи концептот не одговара на постојната бизнис-заедница и сега се користи како мултифункционален простор за состаноци, семинари, трибини... Во оваа општина состојбата е алармантна, бидејќи според анализите што се правени во рамките на плановите за ЛЕР, како недостаток во развојот се наведува дека општината во следните 10-15 години ќе загуби околу 40 отсто од населението. Компаративна предност на Берово покрај туризмот е и дрвната индустрија. Меѓутоа на развојот на оваа гранка речиси и да не ѝ е посветено внимание. Шумите и шумското земјиште во Малешевијата зафаќаат површина од 29.102 хектари, од кои под шуми се 27.970 хектари, а под шумско земјиште се 3.870 хектари. Најголем процент на овие површини

припаѓаат на Берово. Општината располага со 29.102 хектари дабова и букова шума. Во плановите за ЛЕР декларативно е запишано дека развојот на дрвната индустрија треба да биде приоритет, но освен констатација дека општината поседува огромна дрвна маса, нема инвентивни предлози или планови за развој на дрвопреработувачката индустрија. Локалната бизнис-заедница кога е во прашање експлоатација на дрвото, тргнала по пат на линијата на помал отпор и квалитетното индустриско дрво го продава како огревно, главно во Скопје и во поголемите градови. Ваквиот пристап не обезбедува развој, ги девастира шумите и стимулира сива економија во експлоатација на дрвото. Бранко Скендерски, шумарски инженер и консултант во дрвопреработувачката индустрија во овој регион на Балканот, вели дека главниот акцент на економскиот развој на Берово и на целиот овој регион треба да биде во дрвопреработувачката индустрија, во отворање мали и поголеми преработувачки капацитети со модерна технологија, каде што би се вработиле голем број млади луѓе. „Целокупниот развој на Берово и на Пехчево може да се темели на дрвната индустрија, бидејќи тоа е најголем ресурс на овој регион. Ставање на дрвната маса и на шумите од овој регион во функција на економскиот развој и просперитет на регионот, треба да започне од ЕЛС. Мојот предлог, со кој во форма на опширна анализа за спречување на иселувањето од овој регион сум ги запознал и Владата и ЈП Македонски шуми, е на локалната самоуправа да ѝ се врати надлежноста врз шумите и контролата на работењето на шумското стопанство. Во сите овие општини што како предност имаат шумска маса треба за нејзиното користење и управување со шуми да се реши како што е во земјите на ЕУ. Односно со шумите на територијата на една општина да стопанисува општината, а управувањето да биде дадено на посебна агенција во состав на Министерството за земјоделство и шумарство. Само на тој начин ќе се овозможи вистински развој на локалната самоуправа во овој регион бидејќи шумите се основен ресурс. Ваква дејност може да обезбеди илјадници слободни работни места во овој регион, од шумарски инженери што имаат дрвопреработувачка насока, архитекти за внатрешно уредување, дизајнери, информатичари, економисти. Воедно на овој начин ќе се спречи и криминалот и сивата економија, која сега владее во шумската индустрија“, вели Скендерски. Скендерски смета дека поради недоречени и испреплетени надлежности во Берово и околината денес има повеќе од 40 нелегални дрвопреработувачи, кои техничкото дрво го користат во полуфабрикати и произведуваат режена граѓа и пелети. „Тоа е упропастување на квалитетното дрво. Никој од нив не произведува финален производ, иако на странскиот пазар постои огромен интерес за делови за мебел и мебел од природно дрво. Со исклучок на два погона во Пехчево, кои во ваквиот начин на преработка на дрво нашле економска исплатливост, ние во овие четири општини немаме сериозен преработувачки капацитет за дрво“, вели Скендерски. Огромни количини техничко дрво наместо да се преработува во финални производи се користи како огревно дрво. Јавното претпријатие „Македонски шуми“ и нивната подружница во Берово, која е ориентирана единствено на сеча за огревно дрво, не размислуваат да добијат од него

додадена вредност. И бидејќи нема развојни програми за оваа индустрија, и приватните сопственици на шуми го следат тој тренд и сечат техничко дрво за огрев. „Прашувате дали дрвната индустрија има перспектива во овие четири општини. Па тоа е единствениот ресурс што треба и може да обезбеди развој и да спречи иселување. Подружницата на ЈП Македонски шуми во Берово има капацитет и за преработка и финализација на споредни шумски производи, која работи со ограничен капацитет поради застарена технологија, но таа може да се модернизира. Може да се активира или да се основа ново претпријатие како што беше 'Билка' за откуп и преработка на споредни шумски производи и плодови. Нелогично е во Струмица да егзистираат и успешно да работат триесетина дрвопреработувачки капацитети и фабрики за мебел што се извозно ориентирани, а кои дрвната маса ја купуваат во Берово и околината", вели Скендерски. Тој преку сопственото искуство објаснува како бирократијата го кочи економскиот развој. Вели дека има објекти во местото Стојчев Дол, кои и денес се таму, а изградени се за производна хала и пилана. „Изградив и приватен далновод, но погоните никогаш не проработија ниту гледам перспектива дека ќе проработат во догледно време поради административните пречки. Седум години собирав документи за градба на оваа фабрика за преработка на дрво, остана да се изврши пренамена на земјиштето од земјоделско во градежно, но сè уште не е направена пренамена во катастарот, иако документацијата е поднесена пред неколку години. Кога побарав одговор, ми рекоа дека наводно ги изгубиле документите и целата процедура треба да се обнови. А законот е јасен, без дозвола за градба не може да се гради, а градежна дозвола не може да се издаде додека не се направи пренамена на земјиштето од земјоделско во градежно и ние сме врзани во јазол", вели Скендерски.
Ова негово размислување побуди интерес и кај претставниците на ЕЛС и на граѓанскиот сектор по неговата иницијатива да се организираат трибини во сите населени места во овие четири општини, со тема економскиот развој преку активирање на дрвната индустрија, користење на шумите и шумските плодови. Сите диви преработувачи на пелети под итно да се легализираат и да им се овозможи со одредени повластици да формираат свои фирми. На пример, малите погони до тројца вработени да не плаќаат никакви давачки на државата, ниту на општината, освен придонесите од лични доходи. Со ваква мерка би се намалило иселувањето. Општината да поведе иницијатива за коопeранти во дрвната индустрија и формирање задруги за собирање, откуп и преработка на шумски плодови. Во одделни сегменти планот за ЛЕР е површен и недоречен, иако се добро нотирани некои приоритети па наликува на партиска предизборна програма. Делот каде што се спомнува изградба на инфраструктура за природен гас, на прв поглед изгледа интересен и развоен, меѓутоа никаде не е наведено од каде би се донел гасот во овој град, на кој начин е планирано тоа да се изведе, дали е планирано да се приклучи на некој гасовод во Бугарија или гасот би се донел во цистерни по примерот на Струмица. Сумата од 200.000 евра што е наведена како инвестиција за оваа намена и која би се обезбедила од приватниот сектор за реализација на овој проект е паушална и нереално ниска за еден таков

проект во споредба со, на пример, Струмица, каде што за 13 километри гасоводна мрежа се инвестирани 4 милиони евра. Оваа општина има периферна положба во однос на главните комуникациски коридори кои се движат по долините на Вардар, Брегалница и Струмица. Највазжна комуникација од регионално значење е онаа што ги поврзува Малешевско-Пијанечкиот басен со Струмичката Котлина, преку кој општината комуницира со внатрешноста на Републиката. Според планот за ЛЕР на Општина Берово, требаше да се отвори преминот Клепало на македонско-бугарската граница, кој се очекуваше да профункционира во текот на 2014 година. Со тоа, овој регион би можел да стане транзитен пункт, од пасивен да се претвори во динамичен и да ги користи сите позитивни влијанија и импулси во размената со земјите на ЕУ. Покрај шумите, во планот за ЛЕР на оваа општина е забележано дека за развојните можности особено се значајни минералните суровини и рудите, за кои во минатото се спроведени истражувања и е констатирано дека нивната експлоатација е економски оправдана. Се спомнуваат каолинските глини, погодни за производство на керамички и огноотпорни производи, кварцот, кој наполно одговара за подготвување огноотпорен материјал, јагленот, железото и други рудни појави, кои се делумно активни, а поголемиот дел се сè уште само потенцијално атрактивни ресурси за натамошно истражување и активирање. Меѓутоа нема конкретни предлози за инвестирање во одредени капацитети, кои овие ресурси би ги ставиле во експлоатација и би продуцирале економски ефекти и отворање работни места. Во планот за ЛЕР е констатирано дека во реонот на с. Мачево и на с. Будинарци постои минерал силициум диоксид, или наречен горски кристал, кој во светот се користи како украсен камен во јувелирството. Меѓутоа во планот нема идеја дали неговата експлоатација би можела да биде ставена во развој на некое мало или средно претпријатие, кое би се занимавало со негова обработка, брусење и пласирање во индустријата за накит. Во Општина Берово најголем обем од земјоделското производство се остварува во сливи. Околу 10.000 тони сливи се 160.941 број на стебла. На второ место по обем на производство се јаболката - 4.000 тони, потоа вишните, црешите, крушите, оревите... Намерно ги набројавме количините затоа што локалното население се жали дека целиот род им останува по нивите и тие континуирано бараат државата да им го решава проблемот со пласманот. Општината се јавува како нем набљудувач на проблемите, а во плановите за ЛЕР никаде не се спомнува можност за приватно-државно партнерство или за кредитни линии за изградба на преработувачки капацитети и сушници за сливи. Оттаму евидентна е незаинтересираноста на младите за оваа гранка и како резултат на тоа, луѓето што активно се занимаваат со земјоделство се претежно возрасни, со низок степен на образование.

Контрадикторно е тврдењето во планот за ЛЕР дека има услови за производство на здрава храна, бидејќи само неколку пасуси подолу истиот документ констатира: ***„Употребата на агрохемиски средства и мелиоративни системи во земјоделството дава поизразени економски ефекти, но од друга страна нивната***

***прекумерна употреба има низа негативни ефекти. Имено, примената на хемиски материи во процесот на земјоделско производство, преносот и депонирањето на отровни материи и влијанието на загадениот воздух и води кои се применуваат за наводнување, имаат влијание врз хемискиот состав на почвата. Промената на хемискиот состав негативно се одразува врз нејзините еколошки и економски вредности. Хемиското загадување на земјиштето се реперкуира врз квалитетот и продуктивноста на почвата, квалитетот и квантитетот на производството.“***

Посебно загрижува што во оваа општина бизнис-заедницата смета дека во Берово нема најдобра клима за започнување бизнис. Многу поголем процент од лицата што имаат сопствена фирма сметаат дека бизнис-климата во Берово е лоша, споредено со оние што не поседуваат фирма, но планираат да основаат. Исто така, ниту еден од бизнисмените не смета дека бизнис-климата за основање компанија е многу добра. Проблем за развој на приватниот бизнис претставува и континуираното иселување на млади работоспособни луѓе. Според податоците на канцеларијата за ЛЕР во однос на претходниот попис од 2002 година, нивниот број е намален за 604 лица. Бизнис-климата илустративно на фокус-групата ја опиша новинарот Сенад Расимов, кој го уредува локалниот портал „Малешнет“: „Целата бизнис-заедница што се рекламира кај мене на порталот ја сочинуваат пет кафеани и кафулиња“. Според податоците на невладините организации од оваа општина, постојат многу фактори од различна природа што ја задушуваат бизнис-климата во Берово, но како најголема пречка е наведен тешкиот пристап до финансиски средства. Потоа следува неефикасната државна администрација и лошата инфраструктура во Берово. На четвртото место е рангирана несоодветно едуцираната работна сила, а по неа следува корупцијата. Другите фактори што ја задушуваат бизнис-климата во Општина Берово може да се видат на графиконот подолу. Имаат слаба претприемачка иницијатива и отсуство на креативност и преземање ризик или, пак, условите за водење бизнис се значително тешки како резултат на недоволната финансиска и друга институционална поддршка.

**Структура на претпријатијата по големина во 2011 година во Општина Берово**

| **Вкупно** | **Микро** | **мали** | **средни** | **големи** |
|---|---|---|---|---|
| 430 | 291 | 138 | 1 | - |
| 100% | 67,67% | 32,09% | 0,2% | 0% |

Доминираат микро-претпријатијата со 67,67% од вкупниот број регистрирани претпријатија, кои вработуваат најмногу до 9 вработени. На второ место се малите претпријатија со 32,09%, кои вработуваат најмногу до 49 вработени, потоа средните претпријатија што учествуваат со 0,2%, а кои вработуваат до 249 вработени.

Неприсуството на големи претпријатија во Општина Берово и малото учество на средни претпријатија укажува на тоа дека развојот главно се темели на малите и средните бизниси. Доминираат претпријатија што работат во секторот трговија на големо и мало и тоа со 34,6% проценти, потоа следува преработувачката индустрија со 14,8%, потоа објекти за сместување и сервисни дејности со храна со 9,5%, транспортот и складирањето со 8,6%, други услужни дејности со 7,2%, земјоделството, шумарството и рибарството со 6,5% и останатите со помалку од 5%.

Невработеноста на младото население на возраст од 15 до 24 години изнесува 67,3%. Од вкупниот број невработени лица, 31,5% чекаат на вработување осум и повеќе години. Според процените на локалниот Центар за вработување, како најзагрозена категорија граѓани од аспект на вработувањето се посочуваат лицата што завршиле високо образование. Кај нив постои согласност и интерес да се вработат и на работни места за кои е предвиден понизок степен на образование и за работи што се помалку платени.

Текстилната индустрија вработува најмногу луѓе во Општина Берово. Во овој сектор се регистрирани околу 10 фирми, кои вработуваат околу 700 луѓе. Меѓутоа тоа е нископродуктивна гранка, која апсорбира евтина работна сила за исклучително ниски плати. Од некогашните 4 капацитети, кои вработуваа повеќе од 1.200 луѓе, само два успешно го завршија процесот на приватизацијата, додека другите отидоа во стечај или под ликвидација.

**Делчево.** Планот за ЛЕР на оваа општина не ги следи доследно принципите на СИГМА. Неговата важност истекува за еден месец. Во општинските документи и на веб-страницата на општината нема информации што е реализирано од она што е зацртано како план во овој документ. Како стратешки предности на општината се наведени: положбата, инфраструктурата, населението, работната сила, локалните бизнис-услови. Во делот на природните предности и на земјоделството, во истата табела се наведени дивите шумски плодови, билките, ловот и риболовот. Анализиравме дел од овие „предности“. ***Положбата*** на Општина Делчево од оваа табела може да се смета како предност во развојот. Низ општината поминува еден од краците на Коридорот 8 и во иднина тоа може да биде огромен потенцијал за развој. Но во планот на општината нема некој позначаен осврт на оваа можеби единствена предност. ***Инфраструктурата*** воопшто не е предност на Делчево, напротив тоа е една огромна „црна дупка“. До Делчево се стигнува преку патот Кочани – Делчево, кој е целосно уништен. За да се поминат 50-ина километри, се патува околу 1 час, но доколку времето е врнежливо, на одроните во Истибања патот често знае да биде во прекин. Значи, да заклучиме, инфраструктурата на Делчево не е предност така што развојната компонента и плановите на општината треба да бидат во насока на подобрување на инфраструктурата.

***Населението и работната сила*** не е повеќе предност на Општина Делчево, бидејќи голем дел од работоспособното население е заминато во регионот Пиемонте во

Италија, каде што работат како аргати на тамошните лозја. Тоа е евидентно од податоците на Агенцијата за вработување, добиени според Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, според кои бројот на невработени лица во Општина Делчево од 2006 до 2017 година се намалил за трипати. Така, во 2006 година во општината имало 2.841 невработено лице, во 2010 година има 3.130, додека во 2017 година само 1.084 невработени лица. Според податоците од Фондот за ПИОМ, нема голема промена на бројот на осигурани лица во Општина Делчево за истиот период, така што овие 2.000 лица заминале најверојатно во странство. Бројот на средношколци во општината се намалува, образовниот процес не е приспособен на потребите на модерното време и во иднина не можеме да очекуваме дека работната сила како економска категорија е предност на Општина Делчево. ***Локални бизнис-услови*** – освен некое поголемо разбирање на општината за намалување на административните бариери, нема поголема предност во општината. Визијата е добро поставена на долг рок, но на краток рок нема никакви конкретни цели, рокови, временски рамки, како и потребни средства за остварување на таквата визија. Овој стратешки план во себе би требало да ги содржи конкретните чекори што треба да се преземат за остварување на визијата што е зацртана во него. Без конкретни чекори, стратешкиот план е само список на кабинетски желби на некои локални политичари. Во делот на земјоделството не се нуди визија за развој, нема идеја за потенцијални инвеститори во секторот, општината не гледа дали таа може да помогне во развој на гранката, освен некои декларативни залагања, како на пример: *Изградба на поила за добиток*, без конкретен план колку поила, каде, на кои локации, дали таму има добиток, колку средства се обезбедени за таа намена, кои се роковите за почеток на таа инвестиција и за завршување на работите. Во делот помош за здружување на фармерите, не е потенцирано какви мерки ќе преземе општината за нивно организирање. Не е нагласено дали финансиски ќе ги поддржува. Не е разјаснето како општината ќе влијае врз зачувување на традиционалните типови добиток. На крај, никаде нема извештај колку од овие стратешки планови се остварени, дали воопшто има нешто остварено од тоа што е напишано. Нема документ за реализација на плановите, барем не е објавено јавно на веб-страницата на општината. Последниот билтен на веб-страницата на Општина Делчево е од 2011 година, а воопшто нема одлуки за реализацијата на Стратешкиот план за развој, иако неговата важност истекува на крајот на 2018 година.

**Пехчево.** Читајќи ги нивните плански документи, се добива впечаток дека во овие општини времето навистина застанало. Така, во планските документи на Пехчево пишува: ***„Општината има желба да направи веб-страница за промоција на руралниот туризам и тоа е планирано да се направи до втората половина на 2019 година“.*** Дали станува збор за комоција што општинската администрација си ја дава самата на себе, или е во прашање бавно размислување и дејствување, но да се одредува рок од две години за изработка на еден вебсајт за промоција на руралниот

туризам во време кога таа работа се прави за една недела и чини 100 евра, навистина е незамисливо. Воопшто нема никаква потреба да се чека две години (од донесување одлука до конечна реализација на проектот наречен веб-страница за рурален туризам). Во Пехчево на овој план повеќе има направено НВО-секторот. Има иницијативи од невладиниот сектор за развој на планскиот туризам преку планинарското друштво „Кадиица“, но во стратегијата за развој на туризмот во Пехчево нема ниту пари ниту барем еден елемент што покажува дека општината сериозно мисли да се зафати со развој на оваа гранка и таму да понуди перспектива за задржување на младите. Каракашовски Љупчо од одделението за ЛЕР на Општина Пехчево вели дека од 5.500 жители на општината според пописот на населението од 2002 година, денес во општината не живеат ни 3.500, а градот од 3.230 има околу 1.500 жители. „Општинската сметка е блокирана осум години. За каков развој и за каков ЛЕР зборуваме? Каков квалитет на живот можеме да им обезбедиме на граѓаните?! Моето дете не знае што е кино. Нашите млади се ресурсна база за Штип, Кочани, Скопје и за Италија. За кој капацитет на ЕЛС зборуваме, кога нашите планови се далеку од реалност. Престанавме да правиме анализи што е остварено од плановите за ЛЕР, бидејќи се апсолутно нереални, а според закон треба да ги поправиме. Ние седнуваме и си правиме списоци на желби, а од статистика препишуваме со кои ресурси располагаме. Што се однесува до нашиот буџет, тој никогаш немал развојна фаза, ние немаме стопанство. Немаме никаква основа и база за развој, а немаме ни поддршка од централната власт. Немаме ни стратешки план за имплементација, бидејќи немаме што да имплементираме. Затоа сметам дека треба да се напушти овој концепт на планирање на ЛЕР и да се одреди точно што сакаме, што можеме и со кои средства“, вели Каракашовски. Тој илустративно ја објасни целата ситуација со иселувањето од неговата општина. Откако едно семејство заминало од овој град во мало индустриско место во Германија, по неколку месеци им пишале на своите соседи дека убаво се снашле и дека има доволно работа во фабриката што припаѓа на синџирот на автомобилска индустрија „Ауди“. На неговиот повик во еден ден од Пехчево се иселиле шест-седум семејства.

## ПОСЛЕДИЦИ

***Црно-бели прогнози.*** Светска банка минатата година во својот извештај за миграции излезе со податок дека до 2023 година од Македонија претежно во западноевропските земји ќе заминат повеќе од 630.000 граѓани. Според резултатите од истиот извештај, во Македонија во моментов живеат 2,07 милиони жители, а се предвидува дека со вакво темпо на иселување и миграција, за седумнаесет години Македонија ќе има само 1,4 милиони жители.
***Бугарски пасоши.*** Во Делчево повеќе од 70% од населението имаат бугарски пасоши, но се зголемува и бројот на лицата со бугарски пасоши и во Пехчево и Берово, како и

во Македонска Каменица. Делчо Гошев, кој веќе 15 години во Делчево има биро за посредување при добивање бугарски пасоши, вели дека кај младите во овие четири града постојано има интерес за бугарски пасоши. „Најмногу се земаат пасоши од економски причини, на почетокот тоа беа главно млади со завршено средно училиште или занаетчии, но во последно време сè поголем е бројот на млади со факултетска диплома, лекари, информатичари, машински инженери... Меѓу нив има и млади луѓе што се вработени во општините во Источна Македонија или во Скопје, меѓутоа одат во потрага по добри и подобро платени работни места“, вели Гошев. Според неговата евиденција, меѓу 60-90 илјади македонски граѓани добиле или се во процедура да добијат бугарски пасоши. Самата процедура за вадење пасош е 15 месеци и постапката чини околу 400 евра. Учесниците на фокус-групите истакнаа дека економските причини се примарни за иселувањето. Инфраструктурата во регионот е катастрофална. Сликата на инфраструктура во овој регион според податоците на Источниот плански регион изгледа вака: Локални патишта - 40 проценти се земјени, 20 проценти воопшто не се трасирани, 2 проценти се макадамски, 2 проценти се покриени со коцка, а само 36 проценти се асфалтирани. Најблиската железничка врска во Македонија на општините од овој регион е пругата до Кочани. Оваа пруга од Велес до Кочани е долга околу 70 километри. Направена е во 1926 година. Оттогаш не е заменет ниту еден праг на оваа пруга. Конструирана е за брзини на некои места и до 100 километри на час, но возот не развива поголема просечна брзина од 35 километри на час. Од Велес до Кочани се патува два часа. За вистински развој на Источна Македонија и на овие општини што ги споменавме е потребен нов проект и нова траса за железничко поврзување на Кочани со Благоевград. Тоа би била пруга што би поминувала низ Македонска Каменица и Делчево, оддалечена само 20-ина километри од малешевските општини. Таква пруга би значела нов импулс и развој на цела Источна Македонија и на овие четири општини што беа под наша опсервација. Ѓорѓи Пеовски резигнирано вели: „Многупати е разговарано и со претставници на централната власт за проблемите во инфраструктурата, но државата смета дека е неисплатливо да се прави пат за 13.000 жители во Берово. Не може со ваква инфраструктура да се гради економија во регионот. Државата и Бирото за регионален развој треба да решат што ќе биде приоритет - економската исплатливост или опстанокот на регионот. Ако сакаат мерило да биде економската исплатливост, тогаш докрај ќе се уништи регионот“. Љупчо Каракашовски, советник за ЛЕР во Општина Пехчево, вели дека не може да се зборува за ЛЕР во овие општини кои се со блокирани сметки 8-9 години. „Во овој регион животот завршува во Кочани. Ние сме само ресурсна база за Штип и за Кочани. Во мојата општина 250 лица умираат на годишно ниво, а се раѓаат само 15-20. За каков развој сакате да зборуваме? Според податоците добиени од статистика, во 2015 година Пехчево имало 4.970 жители, а сега нема ни 3.500, од кои половината се во Скопје на работа. Престанавме да правиме какви било анализи за ЛЕР бидејќи општината е стопроцентно зависна од владините фондови, а тоа не е развој. Кај нас не постои стопанство, ние немаме услови за

стопански развој, нема инфраструктура, нема гасификација, нема политика за стратешка инфраструктура. Очекуваме со промената на политичката структура курсот спрема Источниот регион и овие општини да се смени и да се напушти овој начин на планирање. Од нас се бара развој на општината, а ние не можеме да обезбедиме кујна за основно училиште. Седум години им делиме кроасани на децата“, вели Каракашовски. Тој ја илустрира состојбата преку еден од состаноците на ниво на Источниот плански регион каде што во Советот членуваат сите градоначалници. „Дискусијата почна да се води за развој на туризмот, имаше некои апликации за развој на оваа гранка и кога дојде ред да се гласа, сите гласаа за замена на прозорци на училиште“. Регионот со својата природна поставеност и пејзаж привлекува инвеститори што се спремни да вложат средства во специфични и интересни проекти. Еден таков беше понуден на Општина Пехчево. „Дојде домашен инвеститор и бараше 20 хектари површина за изградба на спортски туристички комплекс во Пехчево. Имал бизнис-план, направил истражување и установил дека му се исплати овде да направи хотел со 600 легла, спортски терени, спа-центар и да организира подготовки за врвни спортски клубови. Од нас бараше само да му изградиме инфраструктура и асфалтен пат до тие 20 хектари, струја и вода, најави вработување на 150 лица во спортскиот центар и речиси уште толку во угостителство. За жал, ние не можевме да му обезбедиме инфраструктура, државата не беше спремна да помогне и човекот со инвестицијата си замина во Струмица. Таму му обезбедиле и 20 хектари и комплетна инфраструктура. Друг инвеститор сакаше да изгради дом за стари лица во Пехчево. Првото прашање му беше дали во општината има аптекар, медицински сестри и лекар. Кога рековме дека нема, рече до гледање. Сакам да кажам дека немаме сериозна поддршка од државата“, вели Каракашовски.

Горан Антовски, стопанственик, еден од ретките што останал да развива бизнис во Делчево, дел од вината за иселувањето ја гледа и во неинвентивноста на локалното население. Компаративна предност е овоштарството. „Просечното годишно производство на сливи е над 10.000 тони. Овогодишниот род остана по нивите. Овоштарите бараа државата да им ги откупи, а никој не седна да каже, луѓе, ајде да се здружиме и да направиме сушница за сливи, бидејќи тоа се бара на пазарот. Нема иницијатива, земјоделството е сè уште екстензивно, недостасува едукација, обука, идеи. Шумските плодови се атрактивни во овој регион, но откупот се одвива хаотично, нема иницијатива да се организира преработка. Целиот регион има услови за развој на прехранбената индустрија. Изумреа брендовите од овој регион, никој повеќе не ги спомнува беровското сирење или компирот затоа што никој не ги произведува. Не може државата да ни каже што да правиме со сливите“, вели Антовски. Тој смета дека една од кочниците за развој се и неурбанизираните рурални средини. Од програмите на ИПАРД не можат да се добијат средства за инвестирање и развој во неурбанизирани средини. Државата и ЕЛС мора да почнат да размислуваат за урбанизирање на руралните подрачја, денес ни приватните инвеститори не сакаат да

инвестираат во неурбанизирани средини, вели Антовски. Има локални претприемачи од регионот, кои би инвестирале 30 милиони евра и би земале од ИПАРД уште толку за капацитети во некои села од овие општини и сакаат да изградат погони, но нема урбанистички планови.  Валери Спасовски една од причините за лошите планови за ЛЕР ја гледа што во нив нема развојна компонента за едукација и образование на населението. 20 отсто од населението има неоформено основно образование (тоа се претежно возрасни луѓе над 65 години и луѓе што се здобиле со дополнителни стручни вештини), 33% од населението има само основно образование; најголем дел - 36% од населението, има средно образование; 4% од населението има виша стручна подготовка; 6% има високо образование.

Бројот на ученици во основните училишта во Општина Берово е во постојано опаѓање, главно како резултат на миграцијата на населението. Бројот на ученици запишани во средното училиште во Берово во 2102 година изнесувал 426 ученици. Овој број е во постојано опаѓање и доколку се направи споредба со 2007 година, бројот се намалил за 325 ученици. Тоа се должи на демографските карактеристики во општината, која заедно со Општина Пехчево, го сочинува 100 отсто бројот на учениците во УСО „Ацо Русковски“.

Бранко Скендерски, експерт за развој на дрвна индустрија и експлоатација на шуми, вели дека неколку години чека да изгради дрвопреработувачки капацитет, но не може да добие одобрение, бидејќи фабриката му е планирана на неурбанизирана локација. Тој смета дека компаративна предност на Берово и на Пехчево е дрвната индустрија, за која постои огромна дрвна маса што се експлоатира како огревно дрво наместо како техничко.

***Мали плати.*** Заработката во приватниот сектор во овие четири општини се движи од 150 до 200 евра. Во истражувањето што го спроведе здружението „Амброзија“, се наведува пример на млад човек, кој секоја година оди на работа во западноевропските земји. Ако работи земјоделие, таму добива од 60 до 70 евра дневно, а во градежништвото дневницата му е од 120 до 130 евра. Со нагласена регионална диспропорција на населението во Република Македонија, тенденцијата на депопулација уште повеќе е зголемена во последните десет години. „Особено симптоматично е и што се иселува главно младо население на возраст од 20 до 39 години, што долгорочно ќе предизвика нагли падови на бројот на населението. На овој начин горенаведените градови (и не само тие) во наредните десетлетија ќе згаснат“, смета професор Јорде Јакимовски од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. „Загрижувачки е што почнуваат да се иселуваат и цели семејства. Вината не е само во локалната заедница“, вели Ѓорѓи Пеовски, раководител на одделението за ЛЕР во Општина Берово. На пример, со гаснење на регионалните одделенија на ЕВН и на Телеком, на подрачните единици на министерствата, стручните кадри што беа вработени во овие организации, реално повеќе немаа причина да останат да живеат во Берово. Инженерите што беа вработени во ЕВН и во Телеком, веднаш по згаснување на нивните подружници во Берово, со семејствата си заминаа од градот и

се преселија во Скопје и во Штип. Поради тоа и територијалната дистрибуција на населението во Република Македонија според пописот од 2002 година (а денешната ситуација е уште попоразителна) покажува изразена несразмерност, повеќе од 30 проценти од вкупното население живее во 12 града, кои имаат повеќе од 50 и 100.000 жители. Најголемата концентрација е во Скопје, кое според официјалната статистика од 2002 година апсорбира 20,5 проценти од вкупното население во државата, а според прелиминарните истражувања на Економскиот факултет и неофицијалната статистика, тој процент во периодот од 2007 до 2012 е зголемен на речиси 35 проценти од вкупното население во земјава, со тенденција на пораст од 1-1,5% годишно. Соња Мираковска од НСДП, со која разговаравме и која го проучувала проблемот со миграција на високообразованите млади луѓе од малите места, вели дека просечната бројка на иселени на годишно ниво е околу 12.000, а процесот на иселување е најизразен од 2008 до 2015 година. Во овој период, само во Италија се иселени повеќе од 77.000 лица. Според информацијата што на фокус-групата во Делчево ја презентираше претставникот на здружението „Надеж – Норе" од Македонска Каменица, кои во соработка со НВО „КХАМ" од Делчево и здружението „Амброзија" од Пехчево спровеле истражување меѓу иселениците од овие три града за да видат какво е расположението меѓу нив да се вратат во Македонска Каменица, Делчево или Пехчево, 86 проценти од нив изјавиле дека барем во наредните пет години немаат намера да се вратат во земјата. „Од вкупниот број привремено или трајно иселени од овие три општини, половината се на возраст помеѓу 24 и 35 години, а 33 отсто помеѓу 36 и 48 години. Повеќе од 60 проценти се со средно, а речиси 30 проценти се со високо образование", вели Зоран Биковски од НВО „КХАМ". Тие во разговор со иселениците им поставиле прашање под кои услови односно за која плата би се вратиле да живеат во регионот што го напуштиле. Дури 36 процент сметаат дека за нив би била доволна плата помеѓу 300 и 500 евра, 41 процент би се вратиле ако би им била обезбедена плата помеѓу 500 и 1.000 евра, 28 проценти очекуваат плата од 1.000 до 1.500 евра, а 10 проценти посакуваат плата од 1.500 до 2.000 евра. „Најоптимистичка" е состојбата со иселениците од Пехчево, кои би се вратиле дома ако најдат работа за 300-500 евра, додека иселениците од Македонска Каменица очекуваат плата најмалку од 1.000 до 1.500 евра. „Односно, просечната висина на платата за која иселениците би се вратиле да живеат во општините Македонска Каменица, Делчево и Пехчево изнесува од 500 до 700 евра, но притоа не се регистрирани конкретни активности од ЕЛС и од бизнис-секторот насочени кон реинтеграција на иселените", вели Зоран Биковски од невладината организација „КХАМ". Локалното население од овие општини не е задоволно од активностите на локалната самоуправа што се преземаат за да се запре иселувањето. Младите од овие четири општини кои се на работа надвор од Македонија, сметаат дека се потребни многу повеќе информации на веб-страниците на општините за мерките што ЕЛС и нивните одделенија за ЛЕР ги преземаат за реинтеграција на иселениците. Сенад Расимов е сопственик и уредник на локален медиум во Берово и пластично ја објаснува состојбата околу перспективите за живот

на младите луѓе во овој град. „Мојот медиум работи само шест месеци во текот на годината, на пролет и во лето. Тогаш во Берово има некаква живост бидејќи привремено иселените млади што работат во Скопје или се главно во Италија, доаѓаат дома на одмор. Со првите есенски денови градот замира и јас го гаснам привремено медиумот и заминувам заедно со нив на работа во Германија. И сопствениците на тие пет-шест кафулиња и кафеани, кои се затворени преку зимата, одат привремено некаде на работа. Речиси пет години ги следам сите настани во општината и активностите на ЕЛС. Нема атрактивни програми што би им биле понудени на младите да се вратат, а многумина сакаат да се вратат. Плановите се повеќе декларативни и нереални, таму се напишани некакви стратешки инвестиции, на пример, изградба на железничка пруга кон ЕУ, а општината нема пари да реактивира училишна кујна", вели Расимов. Зоран Биковски оценува дека мерките што ги преземаат општините за да се задржат луѓето да живеат во овие места или тие што се иселиле да се вратат, не се привлечни, а и тие што нудат некаква перспектива не се добро презентирани. „На пример, во Пехчево постои интерес меѓу младите за програмата 'Млад земјоделец', меѓутоа единиците за ЛЕР при општината не им ја доближиле доволно, не им ги објасниле деталите. Не е доволно само да кажете, да, има програма 'Млад земјоделец', ако немате осмислен начин како да ги заинтересирате за таа програма. Во општината Делчево постои интерес меѓу младите за самовработување со инвалидност, но локалната администрација е инертна и неефикасна да им ги доближи сите програми на прифатлив и јасен начин", вели Биковски. Во време на брзи комуникации и брз пренос на информации, младите што во моментов се на работа во странство, сугерираат сите програми, идеи и можности што ги дава локалната самоуправа за реинтеграција, веднаш да се објавуваат на нивните веб-страници. Станува збор за мали општини, во кои помалку или повеќе точно се знае колку луѓе и кои се привремено или постојано иселени, и тие луѓе предлагаат дури и на нивните мејлови да им се испраќаат сите информации, кои се оптимистички за нивното враќање дома. „Во разговор со иселениците што најмногу им пречи и ги одбива да се вратат и да побараат начин дома да обезбедат егзистенција, одговараат дека се огорчени на клиентелизмот, на партиските вработувања и на рекетарството, и сè додека тие проблеми не се отстранат, тие не гледаат перспектива за враќање", вели Ана Марија Теохарева од НВО „Амброзија". Дури ни оние што се подолго време на работа во странство и кои имаат економски потенцијал да вложат во сопствен бизнис во некој од овие четири града, не се осмелуваат тоа да го направат. Тие сметаат дека климата сè уште не е добра, дека има чести законски измени, промени на даночните регулативи, премногу администрирање, рекетирање преку разни инспекции, премногу политика во бизнисот, партиски поволности или казнувања... дури и ако државата им гарантира подобра клима за бизнисот во овој момент, не би се вратиле. За да се отстранат овие проблеми, тие предлагаат што почести заеднички средби со бизнис-секторот, со претставници на ЛЕР и на ЕЛС и со другите институции што можат да ја подобрат климата. Сметаат дека би било добро ваквите средби да се организираат

најмалку четирипати годишно. Посебно нагласуваат дека мерките за реинтеграција на иселениците што се преземаат од страна на општините, како и мерките за вработување на АВРМ и мерките за поттикнување и развој на земјоделството и руралниот развој на АФПЗРР, се недоволно афирмирани кај иселениците и тие немаат соодветен пристап до нив.

Во недостиг на локални економски статистики, груби оценки можат да се прават само врз основа на компарации на основните економски показатели во однос на националната економија и на регионот на кој му припаѓаат овие општини. Така, просечната стапка на раст на БДП за периодот 1998 – 2002 за Републиката изнесува 5,2%, а за регионот во кој припаѓаат општините (Источниот регион) растот изнесува само 1,9%. Според податоците, може да се забележи дека Источниот регион постојано е под просекот на републичкото ниво. Во однос на просечниот развој на Република Македонија, во споредба со другите региони Источниот регион во 2008 година во кој се наоѓаат овие четири општини, според развојниот индекс што изнесува 0.67 се наоѓа на претпоследното седмо место во државата и е само пред Североисточниот регион. Иако во сите развојни планови посебно е нагласена перспективата во производството на храна, во ниедна од овие општини не постои прехранбена индустрија, она што се произведува е наменето, пред сè, за локалниот пазар, а само мали количини на млечните производи постепено се пробиваат на пазарите во регионот и пошироко во земјата, додека незначително мал дел е наменет за извоз. Главно, тоа се релативно нови фирми и семејни бизниси. Малешевијата и Берово претставуваат зелена точка во земјата и пошироко, која нуди производи со посебен традиционален начин на производство и со одличен квалитет. Според податоците на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, во 2012 година на подрачјето на Општина Берово се регистрирани 20.432 грла овци и 2.241 грла говеда. Во споредба со последниот податок со кој располагаме од 2005 година, бројот на крупен добиток се намалил за околу 400 грла. Ако, пак, се споредат бројките од 50.000 овци и 10.000 говеда и извозот на 35.000 јагниња на пазарите на поранешна Југославија, во Европската Унија и во земјите на Блискиот Исток, на почетокот на 2000 година, се забележува драстичен пад на оваа гранка. Генерален проблем во секторот на земјоделството и сточарството е неорганизираноста на земјоделците и на сточарите. Земјоделството и сточарството можат да станат атрактивни за младите во општината доколку заедницата покаже малку поголема инвентивност и ги копира начините за модерно сточарство од земјите во ЕУ.

**Стапки на наталитет, морталитет, природен прираст, склучени и разведени бракови, по региони, по години**

| | 2014 | | | 2015 | | | 2016 | | | 2017 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наталитет | Морталитет | Природен прираст | Наталитет | Морталитет | Природен прираст | Наталитет | Морталитет | Природен прираст | Наталитет | Морталитет | Природен прираст |
| Република Македонија | 11,4 | 9,5 | 1,9 | 11,1 | 9,9 | 1,3 | 11,1 | 9,9 | 1,2 | 10,5 | 9,8 | 0,7 |
| Вардарски | 10,4 | 10,8 | -0,4 | 10,7 | 11,8 | -1,1 | 10,7 | 11,6 | -0,9 | 10,4 | 11 | -0,6 |
| Источен | 9,1 | 11 | -1,9 | 9 | 10,6 | -1,6 | 8,8 | 11,1 | -2,3 | 8,3 | 11 | -2,8 |
| Југозападен | 10,2 | 8,7 | 1,5 | 9,8 | 9 | 0,8 | 9,8 | 9,1 | 0,7 | 9 | 9,1 | -0,2 |
| Југоисточен | 10,9 | 10,2 | 0,7 | 11 | 10,7 | 0,3 | 10,5 | 10,2 | 0,3 | 9,8 | 10,6 | -0,8 |
| Пелагониски | 10,3 | 12,7 | -2,4 | 10 | 13,1 | -3,1 | 9,6 | 12,6 | -3 | 9,3 | 13,3 | -4 |
| Полошки | 11,4 | 7 | 4,4 | 11,1 | 7,4 | 3,7 | 10,4 | 7,5 | 2,9 | 10,3 | 7,5 | 2,8 |
| Североисточен | 11,4 | 9,1 | 2,3 | 10,6 | 9,9 | 0,8 | 10,5 | 9,4 | 1,1 | 10,5 | 9,3 | 1,2 |
| Скопски | 13,3 | 9,2 | 4,1 | 13 | 9,4 | 3,6 | 13,6 | 9,6 | 4 | 12,4 | 9,2 | 3,2 |

Извор: Државен завод за статистика, МАКСтат - база на податоци

## ОПТИМИЗАМ

Оптимизмот во овие четири општини произлегува, пред сè, од промената на општествената клима. Тоа подразбира и побрза европеизација на овие региони и поголем ангажман на ЕЛС за доближување и користење на ЕУ-фондовите. Се очекува и конечно отворање на долговетуваниот граничен премин Клепало, кој ќе претставува врата на овој регион кон ЕУ и побрз проток на луѓе, идеи, информации и капитал со соседна Бугарија. Новите градоначалници и централната власт шират оптимизам, посебно во решавање на невралгични проблеми. Генерално сите општини од Источниот плански регион се жалат на катастрофалната инфраструктура која е кочница за економскиот развој, а ЕЛС немаат капацитети да ја подобрат. Централната власт најавува инвестициски бран во инфраструктурата во целиот Источен плански регион. Министерот за транспорт Горан Сугарески вели дека Источниот регион е токму оној во кој се предвидени најголеми инвестиции во изградба и реконструкција на патната мрежа. „Во овој регион ќе реализираме инвестиции од околу 300 милиони евра во изградба на автопатишта, два експресни патишта и реконструкција на регионалните патишта. Вкупниот напредок на градежните работи на автопатот Миладиновци – Штип изнесува 77 отсто и согласно со анекс-договорот што го потпишавме, очекуваме да биде завршен до крајот на оваа година“, изјави Сугарески. Заменик-министерот за локална самоуправа Дејан Павлески, при посета на Берово изјави дека регионалните проекти главно се за заштита на животната средина и збогатување на туристичката понуда. „Конкретно во Берово се финансира техничка документација за изградба на колекторски систем во три населени места. Во Делчево од проектите може да ги издвоиме пешачкиот мост на реката Брегалница во Делчево. Во шест села од овој регион е во фаза на подготовка урбанистичка и проектна документација“. Павлески вели дека во буџетот за 2018 година средствата за рамномерен регионален развој се удвоени, а тенденција на Владата е секоја година тие да се зголемуваат.

И општините од овој регион кои од претходната власт наследиле огромни долгови, очекуваат дека со ребалансот на буџетот, Владата, како што им објаснил заменик-министерот, ќе обезбеди нова буџетска поддршка од 50 милиони евра за решавање на проблемот со долговите на општините. Плановите за ЛЕР во сите четири општини се истечени или истекуваат до крајот на годината. Структурата на локалната власт по локалните избори е променета. Локалното население од новите градоначалници очекува подобрување на квалитетот на животот, потранспарентно работење и поголема соработка со граѓаните и со НВО-секторот. Она што локалната власт во сите општини го најавува е дека новите планови на ЛЕР ќе бидат изработени потранспарентно и во нивното донесување, покрај експерти, ќе бидат вклучени и граѓаните и невладините организации, месните и урбаните заедници и бизнис-заедница. Членовите на новите совети на ЕЛС најавуваат дека ќе се обидат на терен од претставниците на месните и на урбаните заедници да чујат кои се нивните приоритети и да направат список на реално остварливи идеи во секоја општина, кои се значајни за запирање на процесот на иселување.

„Многу е важно како локална самоуправа да се обидеме да ги активираме месните заедници на терен, бидејќи тие се основната ќелија во локалната самоуправа од каде што општинската власт треба да добива идеи и да одредува приоритети во својата работа. Меѓутоа поради нивната замреност, нерешениот статус и незаинтересираноста на локалното население да се вклучи во нивната работа, очекуваме централната власт да помогне во нивната ревитализација и во промената на законската регулатива, за да можат овие здруженија на граѓани, кои својот легитимитет го црпат од локалното население, активно да се вклучат во решавање на локалните проблеми“, вели Љупчо Каракашовски, советник за ЛЕР во Општина Пехчево. Невладината организација „Амброзија“ ќе продолжи да комуницира со голем број млади што се трајно или привремено иселени за да согледа кои се нивните размислувања и услови под кои би се вратиле во државата. „Многу е важно преку комуникација и прашалници постојано да бидеме во контакт со младите што се надвор од нашата општина за да можеме да ѝ помогнеме на ЕЛС при конципирање на развојните планови да ги имплементира нивните очекувања за подобрување на квалитетот на животот и обезбедување услови за враќање. Нашето истражување покажува дека платата не е секогаш главниот мотив да се остане во мала средина. Постојат многу други фактори што влијаат врз нивните одлуки, какви што се културниот, спортскиот, забавниот живот и сѐ она што го зголемува квалитетот на животот во една средина“, вели Ана Марија Теохарева. Бранко Скендерски оптимистички гледа на ревитализација на дрвната индустрија. „Ако се запре криминалот, рекетарството и сивата економија во експлоатацијата на шумите, верувам дека многу бргу во овој регион може да заживее дрвната индустрија. Имам лични контакти со неколку големи преработувачи на дрво од Италија. Ако се обезбеди поволна бизнис-клима, тие се подготвени за инвестиции во оваа гранка, кои би обезбедиле финализација на производи од дрво и комплетна преработка на дрвен отпад во пелети. Пелетите би биле и за домашна употреба и би можело комплетно да супституираат нафта и мазут во енергетскиот биланс на овој регион“, вели Скендерски. Тој оптимистички смета дека во дрвната индустрија во Берово, Пехчево и во Делчево би можело да се обезбедат и до 3.000 работни места, ако се обезбеди и развојот на рудникот „Саса“ и ако менаџментот биде спремен за отворање нови работни места по поволни услови и за поголема плата. Скендерски е оптимист дека сите млади што се надвор од земјата, би покажале интерес да се вратат дома. Игор Пехчевски, економист, смета дека дел од посочените градови имаат шанси за долгорочни развојни перспективи бидејќи располагаат со големи ресурси во својата околина. Тој вели дека плановите за ЛЕР треба да се изготвуваат посериозно врз база на сопствените истражувања во ЕЛС, а не врз база на статистика и идеите што доаѓаат од чиновничките канцеларии надвор од општините. Тогаш во нив нема да се повторуваат „бајки“ и идеи што се неостварливи. „Здравата околина, богатството на шуми и благопријатната надморска височина сѐ уште се компаративна предност на сите четири општини за развој на туризмот, за органско производство на храна, за производство на млеко и месо и за дрвопреработувачка индустрија. Поради неинвентивноста на ЕЛС, неукоста на локалното население и практично незаинтересираноста на централната власт нешто да се смени во Законот за локалната

самоуправа и економски да се зајакнат општините, овие ресурси иако ветуваат долгорочна стапка на економски развој, остануваат неискористени, а општините се соочуваат со масовна депопулација“, вели Пехчевски. Се дојде до заклучок и дека развојот на туризмот може да биде атрактивна гранка за младите. Иако скромен, туристичкиот потенцијал од дваесетина мали и малку поголеми капацитети во овие четири општини, покажува дека регионот е привлечен за туристите. Засега оваа гранка вработува само стотина лица, но ако се направат добри развојни планови, ако се отвори вратата кон соседна Бугарија и ако се подобри инфраструктурата, туризмот може да стане привлечен за инвеститорите. Меѓутоа без подобрена инфраструктура, Берово не може да смета на сериозен развој на оваа гранка, а лошите и тесни патишта не можат да гарантираат безбеден превоз на патници до оваа дестинација со модерни автобуси.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Можеби оваа оценка е пресубјективна и прехрабра, можеби не е издржана и доволно аргументирана, но добивме впечаток дека дел од причините за депопулација на овие градови лежат во неспособноста на локалната и на централната власт да креираат добри развојни планови.  Причината за летаргичноста што владее во овие четири ЕЛС, лежи делумно и во незаинтересираноста на централната власт малку повеќе да им помогне во решавање на проблемите, почнувајќи од маргинализација на потребите на овие заедници, па преку блокада на процесите за вистинска децентрализација и пренесување на процесите за одлучување на локално ниво како и енормно мали издвојувања на делот од вкупниот БДП за развој на овие заедници. Дел од причините лежат и во силната партизација на локалната власт и поддршка на недоволно способни градоначалници, чија приоритетна цел е по завршување на мандатот, да обезбедат функција во Скопје. Се добива впечаток и дека во изминатите 10 години државата со партизирана локална администрација и со клиентелизам го намалувала притисокот на малите градови врз централната власт за решавање на нивните проблеми. Така, можеби и несвесно ја фаворизира депопулацијата на малите градови, оставајќи во нив да живеат само партиски лојални жители, кои обезбедуваат изборни победи и кои се лојални на партиските „програми“. И покрај декларативното залагање на централната власт за рамномерен регионален развој и децентрализација, во практика се случува потполно занемарување на малите градови и заедници, со што и кај луѓето што сè уште живеат во тие градови, созрева идејата за преселба во големите градови и во метрополата.  Ако подлабоко се анализираат нивните планови за ЛЕР, заедничкиот именител би бил дека во нив нема конкретен патоказ во која насока треба да се движат овие општини. Плановите за ЛЕР во овие четири општини што беа цел на истражувањето, содржат широк мозаик на желби, од кои многу не се во корелација со плановите на државата и на централната власт. Тие планови не содржат доволно компоненти што би го подобриле квалитетот на животот во овие општини и кои би го подигнале стандардот на населението и економскиот напредок, што доведува до континуирано осиромашување на локалото население и

иселување од регионот. Како што се потврди на фокус-групите, плановите се донесени волунтаристички, без широко учество на граѓаните, НВО-секторот и бизнис-заедницата и личат на изборни ветувања.  Во многу сегменти не се базираат на реални процени и на расположливи ресурси, а во поодделни делови идеите не се допрецизирани и доволно разработени за да бидат во функција на развојот на заедницата. На пример, се зборува за гасификација, а нема параметри од каде би се носел гасот, на кој начин би се снабдувале, дали преку цистерни или преку приклучување на гасовод и на кој, итн.

## ПРЕПОРАКИ

Ако со ова истражувањето сме успеале барем да фрлиме ново светло на заборавените и маргинализирани региони и на горенаведените градови во Македонија, и да разбудиме интерес на различни актери, од локалните самоуправи, преку владините институции, науката и институции на ЕУ до невладиниот сектор, да почнат да се занимаваат со овој проблем, можеби црните сценарија нема да се остварат. Нашата препорака и апел до надлежните министерства е да го забрзаат процесот на децентрализација и пренесувањето на функциите на помалите градови, како и да почне да се почитува и да се спроведува Законот за рамномерен регионален развој, кој предвидува 1% од БДП да се издвојува за оваа намена. Жителите на овие мали, но и на големите центри, самите треба да се ангажираат за решавање на овој проблем. Треба да се подобри комуникацијата и отчетноста помеѓу локалната самоуправа и локалното население за спроведување на плановите за локален економски развој. Треба да се усогласи образованието на жителите на локалната заедница со потребите на локалниот економски развој како мерка за намалување на невработеноста и иселувањето. Да се анимираат локалните и националните медиуми и кај нив да се побуди интерес и поагресивно да го третираат овој проблем. Централната власт итно да почне со подобрување на инфраструктурата во овој регион и со изградба на нови патишта и подобро поврзување на општините во регионот и со метрополата. Изработката на плановите за ЛЕР да биде во соработка со референтни организации, без протежирање „свои“ фирми, компании или НВО-организации, користејќи притоа и помош од меѓународни донатори.На младите луѓе да им се обезбеди место во процесот на донесување одлуки и во креирањето проактивна политика за млади и тие да се вклучуваат во решавањето на нивните проблеми. Треба да се зголемува конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризација на природните богатства, на човечкиот капитал и на економските особености на различните региони. Треба да се утврдат подрачја со специфични развојни потреби, да се направи листа на таквите подрачја, а нивните потреби да се утврдат врз основа на консултации со ЕЛС-центрите за развој на планските региони и на месните и урбаните заедници. ЕЛС имаат проблем при изработката на планската документација бидејќи службите за економскиот развој во ЕЛС се соочуваат со непостоење статистички и други податоци за анализирање на економскиот развој на општините. Поради ова, според она што е истакнато на терен, во општините не се анализира

економскиот развој што е еден од важните услови за навремено согледување на тенденциите и состојбите во локалната економија и за предлагање мерки за реализација на плановите за локален економски развој. Да се обезбеди добивање, споделување и објавување корисни податоци, кои можат да придонесат кон намалување на иселувањето во Делчево, Пехчево, Берово и во Македонска Каменица преку анализа на плановите за ЛЕР во посочените општини, со маркирање на остварените и неостварените цели и како тие придонесувале кон иселувањето и депопулацијата на овие четири града во Источниот регион. Да се поттикнува активно вклучување на новинарите и на локалните граѓански организации во процесите на ревизија и дополнување, но ако е потребно и изработка на нови одржливи планови. Редовно да се објавуваат анализите на ЛЕР и да се презентираат на постојните веб-страници и платформи, притоа водејќи сметка за потребата од подигнување на јавната свест за транспарентно донесување планови за ЛЕР, со учество на повеќе фактори што би воделе кон конечно креирање одржливи и корисни планови за ЛЕР. Да се побара одговорност и отчетност од носителите на власт, за она што е сторено односно што не е сторено за да се забави масовното иселување на жителите од овој регион.

(http://www.opendata.mk/Home/TekstualniDetails/12?Category=1)

https://www.eastregion.mk/docs/Programa%20za%20razvoj%20na%20Istocniot%20planski%20region_mk.pdf

Стапка на природен прираст

| | 2009 | 2010 | 2011 | Prosek 2009,10,11 |
|---|---|---|---|---|
| Р. Македонија | 2,3 | 2,5 | 1,6 | 2,1 |
| Вардарски | 0,5 | 0,8 | -0,3 | 0,3 |
| Источен | -0,5 | -0,2 | -1,9 | -0,9 |
| Југозападен | 0,8 | 1,6 | 1,3 | 1,2 |
| Југоисточен | 1,9 | 1,9 | 0,4 | 1,4 |
| Пелагониски | -1,5 | -1,9 | -3,0 | -2,1 |
| Полошки | 3,9 | 4,5 | 3,7 | 4,0 |
| Североисточен | 3,0 | 2,7 | 1,4 | 2,4 |
| Скопски | 4,6 | 4,9 | 4,3 | 4,6 |

Извор: Државен завод за статистика

Врз основа на остварените стапки на природен прираст на ниво на земјата, апсолутниот прираст на населението од 5.183 лица колку што изнесуваше во 2010 година, е намален на 3.305 лица во 2011 година.

Природен прираст на населението

| | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| Р. Македонија | 4.624 | 5.183 | 3.305 |
| Вардарски | 80 | 117 | -50 |
| Источен | -97 | -42 | -340 |
| Југозападен | 173 | 350 | 288 |
| Југоисточен | 322 | 327 | 66 |
| Пелагониски | -357 | -454 | -702 |
| Полошки | 1.236 | 1.426 | 1.183 |
| Североисточен | 527 | 477 | 252 |
| Скопски | 2.740 | 2.982 | 2.608 |

Извор: Државен завод за статистика

**УЧЕНИЦИ КОИ СЕ ОТПИШАЛЕ ОД УЧИЛИШТЕ И ЗАМИНАЛЕ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ**

| ГОДИНА | ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | СРЕДНИ УЧИЛИШТА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| 2016/2017 | 1 027 | 245 | 1 272 |
| 2015/2016 | 910 | 137 | 1 047 |
| 2014/2015 | 1 146 | 135 | 1 281 |
| 2013/2014 | 670 | 102 | 772 |
| 2012/2013 | 589 | 113 | 702 |
| 2011/2012 | 539 | 122 | 661 |
| 2010/2011 | 664 | 153 | 817 |
| 2009/2010 | 786 | 97 | 883 |
| 2008/2009 | 698 | 145 | 843 |
| 2007/2008 | 669 | 41 | 710 |

fakulteti.mk 8988


БРОЈ НА ЗАПИШАНИ ПРВООДДЕЛЕНЦИ
БРОЈОТ НА ЗАПИШАНИ ПРВООДДЕЛЕНЦИ Е НАМАЛЕН ЗА 15 % ВО ПОСЛЕДНИТЕ 12 ГОДИНИ
25.000
24.000
23.000
22.000
21.000
20.000
19.000
18.000
23.895
23.103
22.224
21.544
21.747
20.437
2006/07
2008/09
2010/11
2012/13
2015/16
2017/18
Рефлектор податоците под светло
ИЗВОР: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА И МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА


За десет години од Македонија се отселиле
9.000 ученици
Број на отселени ученици
1500
1200
900
600
300
0
1.272
1.047
1.281
772
702
661
817
883
843
710
2016/2017
2015/2016
2014/2015
2013/2014
2012/2013
2011/2012
2010/2011
2009/2010
2008/2009
2007/2008
Рефлектор податоците под светло
Извор: Државен завод за статистика

## Користена литература


- Студии на случај за спроведување на политики за регионален развој, Форум-ЦСИД, 2017
- Стратегија за локален економски развој на општина Берово за периодот 2014-2019 година.
- Стратешки план за Локален економски развој 2014-2018 Општина Делчево.
- Профил на општина Делчево (Општ и економски дел 1/1 2014).
- Локален акциони план на општина Делчево во областите вработување, домување, образование, здравство за период 2017-2020 година.
- Подстратегија за рурален развој на Општина Делчево 2009-2013.
- Програма за развој на Источен (Брегалнички) плански регион.
- Профил и стратешки план за Локален економски развој 2007/2009 Македонска Каменица.
- Стратегија за развој на рурален туризам на општина Пехчево за период 2018-2023.
- Проект за реинтеграција на иселениците од М.Каменица, Пехчево и Делчево (Општина Делчево 2017.
- Милица Дракалска, Цивика мобилитас, Проект- Преку интегрирано делување до намалување на миграциите 2016.
- Јорде Јакимовски, Нагласена регионална диспропорција на населението во Република Македонија, Институ за социолошки и политичко правни истражувања 2017.



Оваа анализа/истражување е изготвена со помош на грант доделен преку проектот „Истражувачко новинарство за поттикнување реформи“, што го спроведуваат Центарот за граѓански комуникации, НВО Инфоцентар и БИРН Македонија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Форум ЦСИД и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.